# МЕМОРАНДУМ
## за синдикална соработка

Сојузот на синдикатите на Македонија, Конфедерацијата на слободни синдикати и Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија со овој Меморандум се обврзуваат за следното:

1. Соработка за стратешки синдикални цели во прилог на заштита и унапредување на правата и интересите на синдикалното членство;

2. Борба за самостојно и автономно дејствување на синдикатите против притисоци од било каков вид во однос на остварување на правото на синдикалното организирање, здружување и дејствување, вклучувајќи ја и борбата против синдикалната дискриминација;

3. Подобрување на социјалниот дијалог во Република Македонија и заеднички настап при колективното преговарање и потпишувањето колективни договори на сите нивоа, и во таа насока унапредување на неговите механизми, посебно на Економско-социјалниот совет и Заедничкиот консултативен комитет со Европскиот-социјален комитет (ЕКОСОК);

4. Заедничко дејствување во соработката со меѓународните синдикални организации и институции (ИТУЦ, ЕТУЦ, МОТ и др.);

5. Застапување и респектирање на ставовите и мислењата на синдикатите во одлучувањето за прашања од трудот во сите надлежни институции во државата;

6. Активно да учествуваат во имплементацијата на ЕУ директивите во македонското законодавство во насока на побрзо приклучување на Република Македонија кон големото европско семејство и побрз економски и демократски развој;

7. Постигнување консензус во идентификувањето на прашањата од заемен интерес и поставувањето барања пред Владата на РМ и организациите на работодавачите во врска со остварување на правата од работен однос и подобрување на материјално-социјалната положба на вработените - членови на синдикатите;

8. Воздржување од меѓусебно непринципиелно преземање на синдикалното членство, односно почитување на принципот на доброволност во пристапот на вработените во членство во синдикати;

9. Водење заеднички акции и одбележување на значајни синдикални денови и други активности.

10. Други прашања, за кои ќе се оствари договор во интерес на унапредување на синдикалното движење во Република Македонија.

11. Потписниците на овој Меморандум се обврзуваат на принципиелност при неговото спроведување, во спротивно, секоја незадоволна страна потписничка има право да се повлече и да го раскине партнерството и соработката.

22-02-2011

Сојуз на синдикатите на Македонија
Претседател,
М-р Живко Митревски

Конфедерација на слободни синдикати
Претседател,
Раско Мишкоски

Унија на независни и автономни синдикати на Македонија
Претседател,
Слободан Антовски